Индекс на активна транспарентност[1]

https://www.ccc.org.mk/images/indeks_aktivna_transparentnost2024.pdf

Под “активна транспарентност” се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Сепак, постои и законска основа за активната транспарентност на институциите, која се наоѓа, пред сѐ, во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др. Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од добрата практика, а институциите имаат обврски за проактивно објавување информации и од акциските планови во рамките на иницијативата за Отворено владино партнерство.

Центарот за граѓански комуникации изработи детална методологија за сеопфатно истражување кое го мери степенот на активна транспарентност на државните институции. Идејата на ова истражување и на рангирањето на институциите во т.н. Индекс на активна транспарентност е да им се помогне на институциите околу тоа кои информации треба да ги објавуваат и да се поттикнат да ги објавуваат тие информации. Финалното рангирање на институциите е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските, т.е. индексот на транспарентност, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број на можни бодови. Притоа, 0 е најнизок ранг, а 100 највисок.

Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80-100% исполнетост се рангирани во групата ’многу добра‘, оние со 60-80% во

[1] https://www.aktivnatransparentnost.mk/

групата ’добра‘, институциите со 40-60% исполнетост во групата ’просечна‘, од 20-40% исполнетост во групата ’слаба‘ и од 0-20% во групата ’многу слаба‘ активна транспарентност.

Преглед на транспарентност на Општина Кисела Вода

https://www.aktivnatransparentnost.mk/opshtini.html?opstina=kiselavoda

## Кисела Вода

Активната транспарентност на Општина Кисела Вода во 2024 година изнесува 98,6 % (од можни 100 %) со што општината се наоѓа во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на 7-та позиција од вкупно 98 рангирани институции. По трет пат оваа општина од Скопскиот Регион се наоѓа во групата на иституции со многу добра активна транспарентност.




